# Повик до сите политички партии да се обединат за европската иднина, прв чекор – да ја прифатат и споделат македонската верзија на ИНСИЕМЕ/ЗАЕДНО од Тото Кутуњо

Почитувани дами и господа,

Ви се обраќаме како на политички лидери и претставнички и претставници на политичките партии во Република Северна Македонија, со **повик за обединување** околу националниот стратешки интерес - членство во ЕУ.

Без оглед на разликите во политичките програмски определби, без оглед на разликите во ставовите и честите препирки во јавноста, веруваме најголем дел од политичкиот естаблишмент во нашата земја се согласува барем во едно, а тоа е членството во ЕУ.

Северна Македонија долго чекаше на мигот кога ќе започне со преговори за полноправно членство во најмоќниот сојуз на демократските држави во светот - Европска Унија. Во таа определба, нашата земја ја ужива поддршката од најголемите и најсилните демократии во Европа и во светот.

Македонските граѓанки и граѓани заслужуваат да бидат дел од големото европско семејство. За да стасаме до целта побрзо, потребно е општествено-политичко обединување за македонската иднина во Европа.

По иницијатива на ЦИВИЛ - Центар за слобода, македонските ѕвезди деновиве создадоа македонска верзија од познатиот италијански хит „Инсиеме/Заедно“ со која Тото Кутуњо победи на Евровизија во Загреб 1990 година. За рекордно кратко време, со ретко виден ентузијазам и посветеност, македонските естрадни уметници го дадоа својот придонес - пееја за Европа.

Време е и политичките лидери да проговорат во еден глас - за Европа, за членство во ЕУ.

Првиот чекор може да биде да го споделите видеото „Инсиеме/Заедно“ и на тој начин да испратите порака до своите членови и до македонската јавност дека имате политичка волја сите ЗАЕДНО да ја поведете земјата кон ЕУ.

Да запееме ЗАЕДНО:

***За нас, ти си наша сестра,***
***За нас, ти на небо си ѕвезда,***
***За нас, ангел во сонот ти си,***
***Insieme, unite, unite, Europe***

За европска иднина на сите македонски граѓанки и граѓани.

Ви благодариме.

Со европски поздрав,

ЦИВИЛ

**КЛИКНЕТЕ НА ЛИНКОТ ЗА ДА ЈА СЛУШНЕТЕ ПЕСНАТА:** https://youtu.be/v1zxXqiPgP4